Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола

| Примено | 06.09.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08- | 489/1 | | |

30.08.2019
08-1078/6

УП1 бр. 14-737
03-07-2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатички науки и комуникациско инженерство на Факултет за информатички науки и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатички науки и комуникациско инженерство на Факултет за информатички науки и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање бр. 08-492/2 од 27.03.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-737 од 01.04.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатички науки и комуникациско инженерство на Факултет за информатички науки и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-482/3 од 12.03.2019 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-737 од 08.04.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 12.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-737 од 13.06.2019 година, каде е наведено дека студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Информатички науки и комуникациско инженерство на Факултет за информатички науки и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал: Снежана Лузевска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: d-r Agim Rushiti